**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр.08-38

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Зорка Колор ДОО Шабац и Алкалоид Премази ДООЕЛ Скопје, а поднесено од Зорка Колор ДОО Шабац, преку полномошник Адвокат Леонид Ристев од Битола, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 29.12.2010 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **Зорка Колор ДОО Шабац** со регистрирано седиште на Ул. Хајдук Вељкова бб, Шабац Србија и **Алкалоид Премази ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Ул. Перо Наков бб Скопје, Република Македонија, по основ на стекнување на контрола од страна на Зорка Колор ДОО Шабац врз Алкалоид Премази ДООЕЛ Скопје, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 17.12.2010 година а дополнето на 21.12.2010 година, Зорка Колор ДОО Шабац (во понатамошниот текст: Зорка Колор), согласно одредбите од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација помеѓу Зорка Колор и Алкалоид Премази ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Алкалоид Премази).

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

- **Зорка Колор ДОО Шабац** со регистрирано седиште на Ул. Хајдук Вељкова 6б, Шабац Србија

Зорка Колор е друштво со ограничена одговорност за производство на бои и лакови, во сопственост на Мирослав Алексиќ (80,71%) и друштвото Таш ДОО Шабац, Србија (19,29%). Во широката палета на производи на Зорка Колор се наоѓаат голем број на индустриски премази и производи за широка потрошувачка. Производите за широка потрошувачка можат да се поделат во четири области, и тоа: (i) декоративни премази наменети за завршни работи во градежништвото, (ii) бои за заштита и декорација на дрво, (iii) бои за заштита и декорација на метал и (iv) бои за заштита на пловни објекти.

- **Алкалоид Премази ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Ул. Перо Наков 6б Скопје

Алкалоид Премази (денес Зорка Колор ДООЕЛ Скопје) е друштво активно на македонскиот пазар на бои и лакови. Алкалоид Премази е друштво формирано во декември 2006 година во 100% сопственост на фармацевтско-хемиската индустрија Алкалоид АД Скопје. Алкалоид Премази има своја производна програма за бои и лакови, како и за премази и китови. Во Април 2008 година Зорка Колор стекнува 55% од сопственоста во Алкалоид Премази и притоа Алкалоид Премази продолжува со својата дејност како и пред трансакцијата. Во Декември 2009 година, Зорка Колор ги стекнува дополнителните 45% (вкупно 100%) од сопственоста во Алкалоид Премази и притоа Алкалоид Премази го менува својот назив во Зорка Колор ДООЕЛ Скопје.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка (2) од Законот за заштита на конкуренцијата.
На 23 Април 2008 година, Алкалоид АД Скопје и Зорка Колор склучуваат договорот за пренос на 55% од уделите во друштвото, со што Зорка Колор станува сопственик на 55% од уделите во Алкалоид Премази.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

На 18 Декември 2009 година, Алкалоид АД Скопје и Зорка Колор склучуваат нов договор за пренос на останатите 45% од уделите во друштвото, со што Зорка Колор станува сопственик на целокупниот удел во Алкалоид Премази.

### 3. Правен основ на концентрацијата

- Договор за пренос на удел од 23.04.2008 година склучен помеѓу Фармацевтска хемиска козметичка индустрија Алкалоид АД Скопје и Зорка Колор ДОО Шабац.
- Договор за пренос на удел од 18.12.2009 година склучен помеѓу Фармацевтска хемиска козметичка индустрија Алкалоид АД Скопје и Зорка Колор ДОО Шабац.

### 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

Вкупниот годишен приход на Зорка Колор остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2007 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX[1] евра или приближно XXX денари[2].
Вкупниот годишен приход на Зорка Колор остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2007 година изнесува XXX евра или приближно XXX денари.
Вкупниот годишен приход на Алкалоид Премази остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2007 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX евра или приближно XXX денари.
Вкупниот годишен приход на Алкалоид Премази остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2007 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува XXX евра или приближно XXX денари.
Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

---

[1] Податоците обележани со XXX се службена тајна

[2] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2007 година, 1 евро = 61,2016 денари)

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**5. Структура на имателите на удели во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

**Пред концентрацијата**

Пред концентрацијата во 2007 година, 100% од уделите на Алкалоид Премази се во сопственост на Алкалоид АД Скопје.

Алкалоид АД Скопје

↓ 100%

Алкалоид Премази

**По концентрацијата**

По концентрацијата во 2008 година, Зорка Колор стекнала 55% од уделите на Алкалоид Премази, а Алкалоид АД Скопје задржал 45% од уделите во Алкалоид Премази.

Зорка Колор → 55% → Алкалоид Премази ← 45% ← Алкалоид АД Скопје

**Денес**

Зорка Колор е сопственик на 100% од уделите во Алкалоид Премази па оттука и називот е сменет во Зорка Колор ДООЕЛ Скопје.

Зорка Колор

↓ 100%

Алкалоид Премази
(денес Зорка Колор ДООЕЛ Скопје)

## 6. Релевантни пазари

### 6.1. Релевантен пазар на производи

Зорка Колор и Алкалоид Премази се активни во производство и продажба на декоративни бои и други индустриски премази. Имено, тие се преклопуваат на два пазари и тоа: пазарот на декоративни премази и пазарот на индустриски премази. Оттука, за оценка на пријавената концентрација, Комисијата дефинираше два релевантни пазари на производ и тоа:

- пазар на декоративни премази и
- пазар на индустриски премази.

#### 6.1.1. Пазар на декоративни премази

Декоративните премази (бои и лакови) се премази за ѕидови, тавани, врати, прозори и други површини, кои обично се користат на конкретни локации, во ентериер и екстериер, при градење или реновирање на архитектонски структури.
Според податоците на подносителот на известувањето, Зорка Колор на овој релевантен пазар има пазарно учество од 5-10% во 2007 година, додека Алкалоид Премази има пазарно учество од 20-30%. Оттука, нивното за едничко пазарно учество по концентрацијата ќе биде 30-40%. Конкурентите на овој релевантен пазар го имаат следното пазарно учество: Хелиос Груп 10-20%, ЈУБ Србија 5-10%, други домашни производители 10-20% и други увозници 20-30%.

#### 6.1.2. Пазар на индустриски премази

Индустриските премази вклучуваат електропремази (за автомобилски додатоци, земјоделска механизација, градежни елементи и други метални артикли), метални премази, електрични изолациони системи, специјални лепила и заштитни премази.
Според податоците на подносителот на известувањето, Зорка Колор на овој релевантен пазар има пазарно учество од 0-5% во 2007 година, додека Алкалоид Премази има пазарно учество од 20-30%. Оттука, нивното за едничко пазарно учество по концентрацијата е 20-30%. Конкурентите го имаат следното пазарно учество: Хелиос Груп 20-30%, ЈУБ Србија 0-5%, други домашни производители 5-10% и други увозници 40-50%.

Според податоците на подносителот на известувањето, од вкупниот пазар на бои и премази во Македонија, пазарот на индустриски премази има скоро три пати помал

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

потенцијал од горенаведениот пазар на декоративни премази (индустриските премази претставуваат 26% од вкупниот пазар на бои и премази во Република Македонија, а 74% од заедничкиот пазар кои припаѓаат на декоративните премази).

Зорка Колор и Алкалоид Премази (денес Зорка Колор ДООЕЛ Скопје), ефективно ги намалиле своите удели на пазарот на декоративни премази и на пазарот на индустриски премази во 2008 и 2009 година во однос на 2007 година, како година која и претходи на концентрацијата. Според последните проценки во 2009 година Алкалоид Премази има удел од 10-20% на пазарот на декоративни премази додека Зорка Колор има удел од 5-10%. На пазарот на индустриски премази Алкалоид Премази има удел од 20-30% додека Зорка Колор има удел од 0-5%.

### 6.2. **Релевантен географски пазар**

Според подносителот на известувањето, релевантниот географски пазар може да се дефинира пошироко од национален, односно би можеле да се земат сите земји членки на ЕУ, ЦЕФТА и ЕФТА. Имено, царинските стапки за декоративните премази изнесуваат 0-2% со сите земји на Европската Унија, земјите на ЦЕФТА и земјите на ЕФТА. Според тоа, секое трговско друштво може да увезува бои и лакови без било какви потешкотии или посебни предуслови. Исто така, треба да се земе предвид и фактот дека учесниците во концентрацијата се активни само во продажбата на декоративни премази на големо. Понатаму, треба да се земе во предвид фактот дека транспортот на овие стоки во Европа не е поврзан со високи трошоци а исто така се работи за стоки кои не се расипливи или подложни на атмосферски влијанија, па според тоа не постојат пречки за нивниот прекуграничен превоз, ниту исполнување на посебни предуслови врзани со видот и експедитивноста на транспортот.
Комисијата смета дека прашањето дали релевантниот географски пазар треба да се дефинира како национален (територијата на Република Македонија) или пошироко, како пазар кој би ги опфатил земјите членки на ЕУ, ЦЕФТА и ЕФТА, може да се остави отворено бидејќи истото не влијае врз крајната оценка на концентрацијата.

## 7**. Оцена на концентрацијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

По извршената концентрација нема да дојде до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците, бидејќи по концентрацијата, доколку како релевантен географски пазар се земе територијата на Република Македонија, пазарното учество на Алкалоид Премази на релевантните пазари се зголемува за 5-10% (и изнесува 30-40%) односно се зголемува за 0-5% (и изнесува 20-30%). Исто така, треба да се има во предвид и фактот дека по спроведувањето на концентрацијата, пазарното учество на Алкалоид Премази (односно Зорка Колор ДООЕЛ Скопје) на релевантните пазари во 2008 година се намалува и изнесува 20-30% односно 20-30%, додека на релевантните пазари во 2009 година се намалува уште повеќе и изнесува 20-30% односно 20-30%.
Доколку како релевантен географски пазар се земе пазарот кој би ги опфатил земјите членки на ЕУ, ЦЕФТА и ЕФТА, тогаш пазарното учество на учесниците во концентрацијата е далеку помало, односно помало од 1%.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**